**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2021/665 НА КОМИСИЈАТА**

**од 22 април 2021 година**

**за изменување на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 во однос на условите за давателите на услуги за управување со воздушниот сообраќај/ даватели на услугите во воздухопловната навигација и останати мрежни функции за управување со воздушниот сообраќај во U-space воздушен простор дезигниран/ доделен во контролиран воздушен простор**

**(Текст со важност за ЕЕО)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност на воздухопловството и за изменување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 216/2008 и (ЕЗ) бр. 552/2004 на Европскиот парламент и на Советот и Регулативата (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот ([1]), а особено член 43 од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 на Комисијата ([2]) ги утврдува заедничките услови за обезбедување на услуги за управување со воздушниот сообраќај и услугите во воздухопловната навигација („ATM/ANS“) и останатите мрежни функции за управување со воздушниот сообраќај („мрежни функции на ATM“) за потребите на општиот воздушен сообраќај и за нивен надзор.

(2) Со донесувањето на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/664 на Комисијата ([3]), U-space воздушен простор може да биде дезигниран/ доделен во рамките на контролиран воздушен простор во кој оперираат воздухоплови со екипаж заедно со воздухоплови без екипаж. За да се осигура безбедноста на тие операции, Регулативата за спроведување (ЕУ)

([1]) Сл. весник L 212, 22.8.2018 година, стр. 1.

([2]) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2017/373 на Комисијата од 1 март 2017 година за утврдување заеднички услови за даватели на услуги за управување со воздушниот сообраќај/ даватели на услугите во воздухопловната навигација и останати мрежни функции за управување со воздушниот сообраќај и за нивниот надзор, и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 482/2008, регулативите за спроведување (ЕУ) бр. 1034/2011, (ЕУ) бр. 1035/2011 и (ЕУ) бр. 2016/1377 и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 677/2011, Сл. весник L 62, 8.3.2017 година, стр. 1.

([3]) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2021/664 на Комисијата од 22 април 2021 година за регулаторната рамка за U-space (види страница 161 од овој Службен весник).

2017/373 треба да се измени за да ги вклучи потребните услови за давателите на услуги во воздушниот сообраќај во однос на координацијата со давателите на U-space услуги и, каде што е применливо, единтвените заеднички даватели на услуги за информирање.

(3) Во рамките на дезигнираниот/ доделениот U-space воздушен простор во контролиран воздушен простор, давателите на услуги на воздухопловна навигација треба да останат одговорни за обезбедување на услуги за воздухопловна навигација на операторите на воздухоплови со екипаж. Давателите на услуги во воздушениот сообраќај, исто така, треба да спроведат таканаречена динамична реконфигурација на U-space воздушниот простор за да се осигура дека воздухопловите со екипаж и без екипаж остануваат безбедно одвоени.

(4) Треба да се воспостават посебни процедури и комуникациски уреди помеѓу соодветните единици во службите за контрола на воздушниот сообраќај, давателите на U-space услуги, операторите на UAS и, каде што е применливо, единтвените заеднички даватели на услуги за информирање за да се осигура координирана примена на динамичната реконфигурација на U-space воздушниот простор од страна на сите оперативни засегнати страни.

(5) Со цел да се осигура правилно спроведување на оваа регулатива, на земјите членки и на засегнатите страни на кои се однесува треба да им се даде доволно време да ги приспособат своите процедури на новата регулаторна рамка пред да се примени оваа регулатива.

(6) Европската агенција за воздухопловна безбедност предложи мерки во своето Мислење бр. 01/2020 ([4]) во согласност со точките (б) и (в) од член 75(2) и со член 76(1) од Регулативата (ЕУ) 2018/1139.

(7) Затоа, Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 треба соодветно да се измени.

(8) Мерките предвидени во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот формиран со член 127 од Регулативата (ЕУ) 2018/1139,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

**Измени на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373**

Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 се изменува како што следува:

(1) во Анекс I, се додаваат следниве точки:

„(260) „U-space воздушен простор“ е географска зона на UAS дезигнирана/ доделена од земјите членки, каде што е дозволено операциите на UAS да се одвиваат само со поддршка од U-space услуги ;

---

([4]) https://www.easa.europa.eu/document-library/opinions

(261) „U-space услуга“ е услуга која се потпира на дигитални услуги и автоматизација на функции дизајнирани да поддржуваат сигурен, безбеден и ефикасен пристап до U-space воздушниот простор за голем број UAS;

(262) „заедничка услуга за информирање“ е услуга која се состои во дисеминација/ширење на статични и динамични податоци за да се овозможи обезбедување на U-space услуги за управување со сообраќајот на воздухоплови без екипаж;

(263) „динамична реконфигурација на воздушниот простор“ е привремена модификација на U-space воздушниот простор со цел да се приспособат краткорочните промени на побарувачката во сообраќајот со екипаж, преку приспособување на географските граници на тој U-space воздушен простор.“;

(2) во Оддел 1 од Поддел А од Анекс IV се додава следнава точка ATS.OR.127:

**„ATS.OR.127 Координација на давателите на услуги во воздушниот сообраќај во U-space воздушниот простор**

Давателите на услуги во воздушниот сообраќај:

(а) обезбедуваат на недискриминаторска основа релевантни информации за сообраќајот во однос на летала со екипаж кои се неопходни како дел од заедничките информативни услуги наведени во Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/664 на Комисијата (*) за U-space воздушен простор воспоставен во контролираниот воздушен простор каде што давателот на услуги во воздушниот сообраќај е дезигниран/определен за обезбедување на своите услуги;

(б) воспоставуваат постапки за координација и комуникациски капацитети помеѓу соодветните единици за услуги во воздушниот сообраќај, давателите на U-space услуги и, каде што е применливо, заедничките даватели услуги за воздухопловно информирање што дозволуваат давање на овие податоци.

---

(*) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2021/664 на Комисијата од 22 април 2021 година за регулаторна рамка за U-space (Сл. весник L 139, 23.4.2021 година, стр. 161).“;

(3) во Оддел 2 од Поддел Б од Анекс IV се вметнува следнава точка ATS.TR.237:

**„ATS.TR.237 Динамична реконфигурација на U-space воздушниот простор**

Единиците за контрола на воздушниот сообраќај:

(а) привремено ја ограничуваат областа во рамките на дезигнираниот U-space воздушен простор каде што може да се одвиваат UAS операции за да се

приспособат краткорочните промени во побарувачката во сообраќајот со екипаж со приспособување на страничните и вертикалните граници на U-space воздушниот простор;

(б) осигуруваат дека релевантните даватели на U-space услуги и, онаму каде што е применливо, едининтвениот заеднички давател на услуги за информирање се навремено и ефективно известени за активирањето, деактивирањето и привремените ограничувања на дезигнираниот U-space воздушен простор.“.

*Член 2*

**Влегување во сила**

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Се применува од 26 јануари 2023 година.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји членки.

Брисел, 22 април 2021 година.

*За Комисијата*

*Претседател*

Урсула ФОН ДЕР ЛАЈЕН